**План на активности**
**на Националниот совет за евроинтеграции**
**јуни 2021 година - јуни 2022 година**
(усвоен со консензус на Првата седница одржана на 7 јуни 2021 година)

**Седници:**

1. Усвојување на Деловник за работа на Националниот совет за евроинтеграции (за мандат 2020-2024);

2. Дебата за положбата и функцијата на Собранието во евроинтеграцискиот процес;

3. Седница посветена на стратешките приоритети и планирани активности на Владата, во процесот на интеграцијата во Европската унија;
*(со покана и учество на претседател на Влада, главниот политички преговарач и главниот технички преговарач за преговорите за пристапување во ЕУ;*

4. Приоритети на Претседателството на Словенија со Советот на Европската Унија во периодот јули-декември 2021 година; (*со покана до претставник на земјата претседавач, како и Амбасадорот на ЕУ во земјата и на претставници на Триото*);

5. Разгледување на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2021, вклучително и кварталните извештаи за реализација на НПАА изготвени од Секретаријатот за европски прашања (*информации доставува Секретаријатото за европски прашања);*

6. Информација за спроведувањето на процесот на објаснувачки скрининг на ЕУ законодавството и планирање на билатералениот скрининг *(информација доставува Секретаријат за европски прашања, по утврдување на Календарот за билатерален скрининг од страна на Европската комисија);*

7. Планирана динамика на транспонирањето на правото на Европската унија во националното законодавство и преводот на европските акти, во пресрет на започнување пристапни преговори со Европската унија *(информација доставува Секретаријат за европски прашања);*

8. Дебата за Резолуцијата на Европскиот парламент за годишниот извештај на Европската комисија за напредокот на државата.

9. Дебата за преговарачката структура на државата за водење преговори за пристапување во Европската унија (*информација доставува Главен преговарач*);

10. Информација за Преговарачката рамка за процесот на пристапувањето во Европската унија и дебата по однос на нејзината содржина и потенцијалот за забрзана интеграција на земјата во ЕУ *(по усвојувањето од страна на Советот на ЕУ, информација доставува Главниот преговарач);*

11. Разгледување на преговарачките позиции на државата утврдени од Владата, за кластерите и поглавјата за кои ќе се преговара, согласно утврдениот Календар за преговори, вклучително и за одредниците за отворање на кластерите, времените одредници за Владеење на правото и

одредниците за затворање на одделните поглавја (*информации доставува Главниот преговарач*);

12. Разгледување на Годишниот извештај на Европската комисија за 2021 година и Стратегијата на Европската комисија за проширувањето на ЕУ за 2021 година.
*(октомври 2021 година, односно по објавувањето на пакетот за проширување 2021 од страна на Европската комисија);*

13. Подготвеноста на државата за членство во ЕУ од аспект на исполнувањето на економските критериуми како дел од Кластерот Темели, со фокус на економската и монетарна политика на Европската унија (информација доставува Главниот преговарач, во соработка со Министерот за финансии и Гувернерката на Народна Банка);

14. Дебата за новата Регулатива ИПА 3 и потенцијалот кој истата ја нуди за периодот 2021-2027, вклучително и Економскиот и инвестициски план за Западен Балкан на Европската комисија.

**Јавни расправи на НСЕИ:**

1. Потребата за градење консензус за прашања од државен интерес во пристапните преговори со соседните земји-членки на ЕУ.
-Билатералните договори со Грција и Бугарија - придобивка или можности за вето на патот кон членството во Европската унија?

2. Дебата за Политиката на проширување на Европската унија во контекст на новата Методологија - динамика на интеграцијата на земјите од Западен Балкан.

3. Имплементација на стратегијата за реформа во правосудството 2017-2022

4. Јавна расправа за Национална стратегија за борба против корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 со акциски план за нејзино спроведување;

5. Националните економски и здравствени политики како одговор на кризата од пандемијата на Ковид-19 и подготвеноста во случај на евентуални нови здравствени кризи.

6. Националните приоритети и програми наспрема приоритетите на ЕУ за градење на климатски неутрална, зелена, фер и социјална Европа (потребата за инклузивност, одржливост, зелена транзиција, технолошка еволуција и глобализација).

**Предлог-закони од НПАА за јавни расправи –** во консултација со СЕП, од законодавниот анекс од новата ревизија на НПАА да се предложат неколку системски важни закони за кои би можело да се води поширока дебата во НСЕИ.

07 јуни 2021